Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27-04-2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2484/2 | 1 | |


## ИЗВЕШТАЈ
## од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип емитувана на 26 и на 27 април 2014 година

***Утврдени прекршувања:***

1. <u>Член 76-б став 3 од Изборниот законик</u> (при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта)

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 26.04.2014 | 22:01:40 – 22:02:48 | Во неколку изданија на дневно – информативните емисии, во прилог опремен со кајрон „Градоначалникот на Куманово повикан на распит“, емитувана е изјава од градоначалникот на Куманово Зоран Дамјановски, со што е прекршена одредбата од Изборниот законик согласно која при известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат изјави од носители на функции во органите на власта. |
| 27.04.2014 | 00:01:22 – 00:02:28<br>04:00:57 – 04:01:40<br>06:01:32 – 06:02:40 | |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, на 26 и на 27 април 2014 година, на програмата на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во неколку изданија на дневно – информативните емисии, во прилог опремен со кајрон „Градоначалникот на Куманово повикан на распит“, емитувана е изјава од носител на функција во орган на власт - градоначалникот на Куманово Зоран Дамјановски.

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***